- Доказ од надлежниот суд дека против предложениот кандидат за директор на овластеното правно лице не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- Доказ од надлежен суд за осудуваност односно неосудуваност на предложениот кандидат за директор на овластеното правно лице во смисла на член 101 став 3 точка б од Законот за хартии од вредност;

- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку предложениот кандидат за директор на овластеното правно лице не е државјанин на Република Македонија;

заради што кандидатот за директор дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците содржани во овој образец во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност.

Од документите од став 1 на овој член, дозволата за работење на брокер или дозволата за работење на инвестиционен советник се обезбедува од евиденцијата на Комисијата.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката за давање на согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-613/3 | Комисија за хартии од вредност |
| 8 јули 2016 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |

**3251.**

Врз основа на член 190 став 1 и член 47 став 6 и 7 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на 8.7.2016 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНИОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Правилникот за начиниот и постапката за давање на согласност за именување на директор на депозитар за хартии од вредност („Службен весник на РМ" („Службен весник на РМ" бр.6/2007, 84/2008 и 81/2014) член 1 се менува и гласи:

„Со Правилникот за начиниот и постапката за давање на согласност за именување на директор на депозитар за хартии од вредност (во понатамошниот текст: депозитар) се утврдува начинот и постапката, формата и содржината на барањето за давање на согласност за именување на директор на депозитарот (во понатамошниот текст:Правилник)."

Член 2

Во Прилог 1: Образец Б-СДД-Барање за давање на согласност за именување на директор на депозитар за хартии од вредност, точката 3 се менува и гласи:

3.Список на документација која се поднесува кон барањето за давање на согласност за именување на директор на депозитарот и тоа:

- Кратка биографија на кандидатот за директор на депозитар со: податоци за датумот и местото на раѓање, адреса на живеење, број на лична карта, единствен матичен број (за странско лице број на пасош) и работно искуство;

- Одлука на надлежниот орган на депозитарот за именување на кандидатот за директор на депозитар;

- Уверение за завршено високо образование од областа на економијата, финансиите или деловното право;

- Примерок од дозволата за работа за брокер на кандидатот, издадена од Комисијата за хартии од вредност;

- Предлог програма на кандидатот за деловна и развојна политика на депозитарот за следните две години;

- Потврда (уверение) од надлежниот суд дека против кандидатот за директор на депозитар не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- Изјава на кандидатот за директор на депозитар, дадена под целосна морална, кривична и материјална одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не бил директор, претседател или член на орган на управување на правно лице против кое била поведена предстечајна, стечајна или ликвидациона постапка;

- Изјава на кандидатот за директор на депозитар, дадена под целосна морална, кривична и материјална одговорност и заверена кај нотар, дека истиот не е директор, претседател или член на орган на управување на друго правно лице;

- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку кандидатот за директор на депозитар не е државјанин на Република Македонија;

- Доказ за поседување на работно искуство од најмалку три години во областа на економијата, финансиите или деловното право (договор со работодавецот, акт на работодавецот за работен ангажман на кандидатот за директор, работна книшка, и слично);

- Доказ дека кандидатот за директор е во работен однос во депозитарот;

- Доказ за платен надоместок на Комисијата.

Од претходно наведените документи, Комисијата може по службена должност ги прибавува:

- Потврда (уверение) од надлежниот суд дека против кандидатот за директор на депозитар не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку кандидатот за директор на депозитар не е државјанин на Република Македонија;

Заради што кандидатот за директор дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците содржани во овој образец во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година.

Бр. 03-614/3
8 јули 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**3252.**

Врз основа на член 190 став 1 од („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и членот 9 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на 8.7.2016 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ПОСТАПКАТА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови („Службен весник на РМ" бр.27/2010, 99/2014 и 113/2014) член 1 се менува и гласи:

„Со Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува формата и содржината на барањето и начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови."

Член 2

Во член 4 во став 2 првата реченица се менува и гласи:„ Документацијата од став 1 точка 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Документацијата од став 1 точка 2, 3, 9, 11, 12, 13 и 14, Комисијата ја прибавува по службена должност, заради што правното лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 3

Во член 5 во став 3 првата реченица се менува и гласи: Документацијата од став 1 точка 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Документацијата од став 1 точка 2, 3, 13 и 14 Комисијата ја прибавува по службена должност заради што физичкото лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 4

Во член 6 во став 3 првата реченица се менува и гласи: „ Документацијата од став 1 точка 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Документацијата од став 1 точка 7 и 8 Комисијата ја прибавува по службена должност заради што физичкото лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови.